**20242233899**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 октомври 2024 година, донесе

## УРЕДБА ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПО ОПШТИНИ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува Методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2025 година.

Член 2

Согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во раздел 16001, Програма А-Децентрализација, Потпрограма А2-пренесување на надлежностите на единиците на локалната самоуправа, ќе се врши финансирање на пренесените надлежности во основното образование.

Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа уредба, се распределуваат на општините на кои им се пренесени основачките права на основните училишта согласно Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) и кои ги исполниле условите согласно член 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), за финансирање со блок дотации.

Член 4

Критериуми за распределба на блок дотации за основно образование по општини се: основна сума по општина, број на ученици во општината, број на ученици во предметна настава, број на ученици со посебни потреби, густина на населеност на општината.

Во распределбата ќе се користи механизам на прагови (долен и горен праг).

Член 5

Распределба на средствата од блок дотацијата за основно образование е според формулата:

БДОо = О + ПУо x С

ПУо = Уо + (Уо x Кг + Уп x Кп + Упп x Кпп)

БДОо - Блок дотација за основно образование за општина

О - Основна сума по општина

ПУо - Пондерирани ученици во општина

С - Стандард (износ) по ученик

Уо - Вкупен број на ученици во општина
Уп - Број на ученици во предметна настава во општина
Упп - Број на ученици со посебни потреби во општина
Кп - коефициент (пондер) за предметна настава (0.2)
Кпп - коефициент (пондер) за ученици со посебни потреби (1)
Кг - коефициент (пондер) за густина на населеност на општина:
до 20 жители на км2 - (0.6)
од 20 до 50 жители на км2 - (0.4)
од 50 до 70 жители на км2 - (0.2)

Член 6

Средствата определени како блок дотации се користат за финансирање на пренесените надлежности во основното образование.

Член 7

Средствата за блок дотациите ќе се насочуваат по општини од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Министерството за образование и наука, месечно или по динамика во договор со Министерството за финансии.

Член 8

Неискористените средства од блок дотациите, општините ги враќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, на крајот на фискалната година, најдоцна до 31 декември 2025 година, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната година.

Член 9

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 41-8879/6
29 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.